Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**Стела Лазаревска**
за подрачјето на
основните судови на градот Скопје
бул. Кузман Јосифовски Питу број 19 локал 50 приземје
Скопје

ОДУ број 180/2022

ИЗВОД

27.06.2022 година (дваесет и седми јуни две илјади дваесет и втора година)
Скопје во 10,00 часот

**------------------------------ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ------------------------**
**-------------------------------- НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА СКОПЈЕ-----------------------------**
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, Нотар Стела Лазаревска, за подрачјето на Основните судови на градот Скопје, со седиште на нотарската канцеларија на бул.Кузман Јосифовски Питу број 19 локал 50 приземје Скопје, потврдувам дека на писмена покана од 09.06.2022 година од АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје за мое присуство и водење на записник од седницата, кое барање е потпишано од извршниот директор на АД-Татјана Лазаревски,- Прилог на оваа нотарска исправа, присуствував на седницата на собрание на Акционери на Друштвото која се одржа на денешен ден 27.06.2022 година, со почеток во 10,00 часот, на паркингот пред Управната зграда на Раде Кончар, на Бул. Трета Македонска Бригада ББ Скопје.----------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Како прилог на писменото барање ми беше приложено:**------------------------------------------------------

-**Одлука** донесена од Одборот на Директори од 17.05.2022 година, заведена под број 0202-26 од 17.05.2022 година-Прилог на оваа нотарска исправа;----------------------------------------------------------------

-**Одлука** за одржување на седница на редовно годишно собрание на акционери, донесена од Одборот на Директори на ден 17.05.2022 година, заведена под број 0202-27 од 17.05.2022 година-Прилог на оваа нотарска исправа;-------------------------------------------------------------------------------------------

-**Јавен повик** за одржување на седница на редовно годишно собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје, објавен на страницата СЕИ НЕТ на Македонска Берза на ден 26.05.2022 година и во дневно гласило Слободен печат на ден четврток 26.05.2022 година, како и на веб страната на друштвото;- Прилог на оваа нотарска исправа, со објавен; ------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**--------------------------------------------------ДНЕВЕН РЕД--------------------------------------------------**

**I. Процедурален дел** ------------------------------------------------------------------------------------------
**1. Отварање на собранието;**---------------------------------------------------------------------------------------
**2. Избор на претседавач на Собранието;**-----------------------------------------------------------------------
**3.Одредување на записничар-Нотар;**------------------------------------------------------------------------------
**4. Избор на трочлена верификациона комисија и бројач на гласови;**------------------------------------
**5. Избор на трочлена комисија за тајно гласање;**-------------------------------------------------------------
**6.Извештај на верификационата комисија;**-----------------------------------------------------------------------
**II. Работен дел**--------------------------------------------------------------------------------------------------------
**1.Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2021 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје за деловната 2021 година;**-----------------------------------------------------------
**2.Разгледување и усвојување на Годишната сметка за 2021 година;**---------------------------------
**3.Разгледување и усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2021 година;** -------------
**4.Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2021 година;**--------
**5.Донесување на одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар;**-------------------------------------------------------------------------------------------------
**6. Донесување на одлука за исплата на аванс на дивиденда;**---------------------------------------------
**7. Донесување на одлука за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2022 година;**-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**8. Донесување на одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;**----------------------------------
**9. Донесување на одлука за отповикување и избор на членови на Одбор на директори;**-----------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во мојата архива се наоѓаат:----------------------------------------------------------------------------------------------

-Предлог од група акционери за избор на претседавач на собранието, за избор на трочлена верификациона комисија и бројач на гласови и за избор на трочлена комисија за тајно гласање, заведен под број 0202-30 од 30.05.2022 година;----------------------------------------------------------------

-Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2021 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника за деловната 2021 година;----------------------------------------------------------------------------------

-Извештај на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна Техника-Скопје за работењето во деловната 2021 година;----------------------------------------------------------------------------------------------

-Предлог Одлука за усвојување на годишната сметка за 2021 година;Финансиските извештаи – Извештај на независните ревизори; Биланс на состојба;---------------------------------------------------------

-Предлог одлука за усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2021 година; ---------------- --

-Предлог одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2021 година;-----------------------

- Предлог одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар;-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

- Предлог одлука за исплата на аванс на дивиденда;-------------------------------------------------------------

-Предлог одлука за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2022 година;------------

-Предлог одлука за стекнување сопствени акции со откуп;-----------------------------------------------------

-Предлог одлука за отповикување и избор на членови на Одбор на директори;------------------------------

- Фотокопии од: Предлог на кандидат за член на Одбор на Директори, заведен под број 0202- 31 од 30.05.2022 година; Предлог на кандидат за член на Одбор на Директори, заведен под број 0202- 32 од 30.05.2022 година; Предлог на кандидат за член на Одбор на Директори, заведен под број 0202- 33 од 30.05.2022 година; Предлог на кандидат за член на Одбор на Директори, заведен под број 0202- 34 од 30.05.2022 година; Предлог на кандидат за член на Одбор на Директори, заведен под број 0202- 35 од 30.05.2022 година;-------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-**Акционерска книга,** издадена од Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 27.06.2022 година, во 08:41:35 часот, според која номиналниот капитал на Друштвото изнесува 4.124.600 ЕУР кој е поделен на 206230 обични акции чија номинална вредност изнесува 20ЕУР, иматели 633, сопственички позиции 634;-Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------------

Нотарот извади Тековна состојба на **АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје**, со седиште на Бул.3-та Македонска Бригада бр.ББ Скопје, со ЕМБС 4053222, издадена од ЦР на РСМ –Трговски регистар и регистар на други правни лица од 27.06.2022 година-Прилог на оваа нотарска исправа;-----

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на погоренаведеното и врз основа на поканата, во согласност со член 92 од ЗН и останатите законски прописи, го составив следниот:----------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------------------ЗАПИСНИК-----------------------------------------------------------**

Пред отпочнувањето на седницата акционерите и нивните полномошници пристапија кон потпишување на Списокот на присутни акционери и полномошници на акционери, по што се пристапи кон евидентирање на пријавените акционери и полномошници на акционери во систем за утврдување на присутност и кворум за работа и одлучување, по што преку истиот систем е изготвена листа на присутност на собранието-Прилог на оваа нотарска исправа.------------------------------------------

По завршувањето на евидентирањето, седницата на годишното собрание ја отвори претседавачот на претходното акционерско собрание Чедомир Стојковски, кој ги поздрави акционерите и рече дека согласно ЗТД и Статутот на Друштвото, Одборот на директори објавил јавен повик за одржување на седницата на собрание на акционери во јавно гласило, СЕИ НЕТ и на веб страната на друштвото, па затоа сите акционери можеле да бидат информирани за одржување и дневниот ред на собранието.-----

Чедомир Стојковски истакна дека од вкупно 206230 издадени акции, со право на глас се 205754 акции, 476 акции се без право на глас, а службите за денешната седница констатирале присутност од 175485 гласа застапувани од акционери и полномошници на акционери, па со оглед на тоа собранието има кворум за работа и одлучување од 85,29%.--------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Потоа се премина на процедуралниот дел од дневниот ред.** -----------------------------------------------
Со оглед на тоа што е констатирано дека собранието има кворум за работа, се преминува на **втората точка** од процедуралниот дел од дневниот ред **-Избор на претседавач на Собранието**. -----------------
Г-дин Чедомир Стојковски рече дека до собранието на акционери за оваа седница од група акционери има пристигнато еден предлог за претседавач на собранието – за Чедомир Стојковски.------------------
Потоа го стави предлогот на гласање и за истиот гласаа присутните акционери.------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Собранието едногласно, со 175485 гласа ЗА, донесе Одлука за избор на Чедомир Стојковски за претседавач на Собранието на акционери.**----------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа председавачот Чедомир Стојковски** констатира дека записничар на собранието е Нотар Стела Лазаревска.--------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот рече дека во однос на **четвртата точка** од процедуралниот дел од дневниот ред- **Избор на бројач на гласови,** на 30.05.2022 година до Собранието е пристигнат еден предлог од акционери, со кој лицето Теодоров Александар е предложено како бројач на гласови.----------------
Потоа претседавачот ја стави точката на гласање и за истата гласаа присутните акционери.--------------
**Собранието едногласно со 175485 гласа ЗА или 100% донесе Одлука за избор на Теодоров Александар за бројач на гласови;**-------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот рече дека во однос на **четвртата точка** од процедуралниот дел од дневниот ред- **Избор на членови на верификационе комисија,** на 30.05.2022 година до Собранието е пристигнат еден предлог од акционери, со кој лицата Шапков Стевче, Теодоров Александар и Баришиќ Руска се предложени како членови на верификационата комисија----------------------------------
Потоа претседавачот ја стави точката на гласање и за истата гласаа присутните акционери поединечно.----------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Претседавачот констатира дека Собранието со 98946 гласа ЗА или 56,38% и 76539 гласа ПРОТИВ или 43,62%, донесе Одлука за избор на Шапков Стевче, Теодоров Александар и Баришиќ Руска за членови на верификационата комисија;**------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот рече дека во однос на **петтата точка** од процедуралниот дел од дневниот ред- **Избор на трочлена комисија за тајно гласање,** на 30.05.2022 година од група акционери до Собранието е пристигнат еден предлог, со кој лицата Шапков Стевче, Теодоров Александар и Баришиќ Руска се предложени како членови на комисијата за тајно гласање.-------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот ја стави точката на гласање и за истата гласаа присутните акционери поединечно.----------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Претседавачот констатира дека Собранието со 98946 гласа ЗА или 56,38%, со 71853 гласа ПРОТИВ или 40,95% и со 4686 гласа воздржани или 2,67%, донесе Одлука за избор на Шапков Стевче, Теодоров Александар и Баришиќ Руска за членови на комисијата за тајно гласање;**-------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Листите за Процедурално гласање-** за Избор на претседавач на Собранието; за Избор на верификационата комисија; за Избор на бројач на гласови и за избор на тричлена комисија за тајно гласање се прилози на оваа нотарска исправа;-----------------------------------------------------------------
**Списокот** на присутни акционери и полномошници на акционери е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа претседавачот ја замоли верификационата комисија да изврши проверка на присуството на седницата.---------------------------------------------------------------------------------------------------------
Откако се изврши проверка на присуството на седницата и доставените полномошна, Верификационата комисија на претседавачот му даде листа на присутни акционери и застапувани акционери, потпишана од членовите на верификационата комисија, врз основа на која претседавачот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

констатира дека на денешната седница за учество се пријавени акционери кои имаат право на 175485 гласа, односно 85,29% од вкупно 205754 акции со право на глас, а согласно Акционерската книга без право на глас се 476 акции, по што констатираше дека собранието има кворум за работа и за одлучување.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа претседавачот рече дека собранието може да продолжни со работа по точките од работниот дел од дневниот ред.**----------------------------------------------------------------------------------------

Пред да се премине на првата точка од работниот дел, за збор се јави г-дин Горан Антевски кој рече дека согласно Законот за акционерство и Статутот на Апаратна Техника, бара во рок од седум дена да му се доставaт во копија сите полномошна со прикриени заштитени лични податоци од акционерите.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот рече дека јавниот повик за собранието е објавен благовремено на 26.05.2022 година во дневниот печат Слободен печат, на СЕИ НЕТ на ден 26.05.2022 година во 9:13 часот, на интернет страната на Друштвото и во посториите на архивата на друштвото заедно со материјалите.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа се пристапи кон првата точка од работниот дел од дневниот ред- Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2021 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје за деловната 2021 година;**-------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот праша дали некој се јавува за збор по однос на оваа точка.--------------------------------------
За збор се јави г-дин Антевски Горан.----------------------------------------------------------------------------------
Во однос на оваа точка замоли за објаснување од ревизорот или одборот, да се појаснат останатите трошоци во износ од 5 милиони денари, бидејќи тие се четири пати поголеми од платите. -------------
Г-ѓа Татјана Лазаревски му рече на акционерот дека за ова прашање може написмено да му се одговори, но акционерот сепак побара сега да ја добие информацијата покрај писмениот одговор.-----
Потоа ревизорот ги појасни останатите трошоци по ставки согласно годишниот извештај.-------------
Г-дин Антевски Горан потоа праша во однос на акциите, дали има промена на акциите, има добра дивиденда-рече, па праша како се прави избор каде ќе се вложат парите, дали се прави анализа или се одлучува по сопствено убедување.--------------------------------------------------------------------------------
Г-ѓа Татјана Лазаревски му одговори дека тоа не се прави по сопствено убедување, вложувањето во хартии од вредност се врши спрема берзанските услови врз база направена анализа за тргување на Берзата, базирана на стручни консултации. Тоа му е работа на Одборот на директори-рече, Одборот на директори носи одлука за купување и продавање односно тргување со хартии од вредност и со која го овластува извршниот директор да тргува со хартии од вредност, а извршниот директор се консултура, бара стручно мислење, прави анализи и повратно ги известува членовите на Одборот на директори.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Г-дин Горан Антевски изјави дека само сака да ја знае постапката како се вложуваат средствата. ----
Г-ѓа Татјана Лазаревски објасни дека извршниот директор е овластен да тргува, а кои консултации ќе ги направи и кои анализи, зависи од случајот. Извршниот директор ги потпишува налозите, а одборот на директори е во тек. Секоја година Одборот носи одлука-рече, но не носи одлука за секоја трансакција. Потоа му рече на акционерот дека таа како извршен директор секогаш при превземање на активности од одредени сфери на работењето на друштвото, секогаш претходно врши консултации со повеќе стручни лица во делот на вршење на дејноста на друштвото посебно во делот на вложување во хартии од вредност, па наведе дека стварно не и е јасно во која смисла е прашањето и дека сепак написмено ќе биде даде одговор. ------------------------------------------------------------------
Г-дин Горан Антевски повторно инсистира дека сака да ја знае постапката за купување и продавање на акции.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа г-ѓа Јана Стојкова Каневче се јави за збор. Таа рече дека Одборот на директори е комплетно информиран за инвестициските вложувања и дека има донесено генерална одлука како да се тргува со акции. Не се случува Одборот секојдневно да заседава и одлучува за секоја берзанска трансакција со која го овластува Извршниот директор, затоа што работењето на берза тоа не го дозволува.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на град Скопје
НОТАР
СТОЈКА ЛАЗАРЕВСКА
СКОПЈЕ

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Поединечен налог формално не се одобрува од Одборот на директори, може да има повеќе налози, а сите како што знаете не се реализираат. Одговорено ви е на прашањето – му рече на Антевски, може да му се одговори написмено, но му рече дека можел претходно написмено да постави прашање по секоја од точките од дневниот ред како што тоа законот го предвидува за да може како одбор подетално и прецизно да одговори на прашањата.-----------------------------------------------------------

Г-дин Горан Антевски на ова одговори дека ова не е он лајн дискусија, сите се физички присутни и затоа треба да се одговори на прашањето и да не го провоцираат. Берзата сега е аут, има големи проблеми –рече и дека тој по негово лично убедување смета дека за некои акции кои се купувани и продавани се направени грешки и треба да се види кој ги направил тие грешки.--------------------------

Г-ѓа Татјана Лазаревски му одговори дека во објавата за Собрание има алтернатива за поставување на прашања написмено и дека во тој случај одговорот ќе бил спремен. -----------------------------------

Г-дин Горан Антевски им се обрати дека најдобронамерно кажува дека треба да се направи процедура, а ако не, јавно ќе објави дека нема процедура. Сака да му се достави процедурата и тоа е за нивно добро.-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-ѓа Татјана Лазаревски му рече дека не може да носи констатации само по негово лично убедување без оргументи и дека процедурата не е битниот дел, битна е суштината, а тоа е дека друштвото покажува резултати и добивки. Резултатите се едно, а личните убедувања се друго.----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Бидејќи никој друг не побара збор, претседавачот ја стави точката на изјаснување со поединечно гласање.----------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 103632 гласа ЗА (59,05%), 71853 гласа ПРОТИВ (40,95%), донесе Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2021 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје за деловната 2021 година;----------------------------------**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Листата за гласање по точка 1 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа се пристапи кон втората точка од работниот дел од дневниот ред- Разгледување и усвојување на Годишната сметка за 2021 година;--------------------------------------------------------**

Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање.----------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 103632 гласа ЗА (59,05%), 71853 гласа ПРОТИВ (40,95%) донесе Одлука за усвојување на Годишната сметка за 2021 година;--------**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Листата за гласање по точка 2 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа се пристапи кон третата точка од работниот дел од дневниот ред-Разгледување и усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2021 година; --------------------------------------**

Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање.----------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 103632 гласа ЗА (59,05%), 71853 гласа ПРОТИВ (40,95%), донесе Одлука за усвојување на усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2021 година;--------------------------------------------------------------------------------------**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Листата за гласање по точка 3 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Потоа се пристапи кон четвртата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2021 година; --------------------------------------**

Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање.----------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 119959 гласа ЗА (68,36%), со 55526 гласа ПРОТИВ (31,64%) донесе Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за 2021 година;------------------------------------------------------------------------------------------------------**

НОТАР
ЛАЗАРЕВСКА
СКОПЈЕ

---

Листата за гласање по точка 4 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------

---

**Потоа се пристапи кон петтата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар; --**
Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 124256 гласа ЗА (70,81%), со 51229 гласа ПРОТИВ (29,19%), донесе Одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар; --------------------------------------------------------------------------**

---

Листата за гласање по точка 5 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------

---

**Потоа се пристапи кон шестата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за исплата на аванс на дивиденда; -----------------------------------------------------------------------------**
Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање поединечно.---------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието едногласно со 175485 гласа ЗА (100%), донесе Одлука за исплата на аванс на дивиденда;-----------------------------------------------------------------**

---

Листата за гласање по точка 6 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------

---

**Потоа се пристапи кон седмата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи на АД Раде Кончар –Апаратна техника –Скопје за 2022 година; ------------------------------------------------------------------------------------**
Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 150366 гласа ЗА (85,69%), со 25119 гласа ВОЗДРЖАН (14,31%) донесе Одлука за избор на Друштвото за ревизија СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи на АД Раде Кончар –Апаратна Техника –Скопје за 2022 година; ------------------------------------------------------------------**

---

Листата за гласање по точка 7 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------

---

**Потоа се пристапи кон осмата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за стекнување сопствени акции со откуп; ----------------------------------------------------------------------**
Бидејќи по однос на оваа точка од дневниот ред никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека Собранието со 103632 гласа ЗА (59,05%), со 71853 гласа ПРОТИВ (40,95%) донесе Одлука за стекнување сопствени акции со откуп; -----------------------**

---

Листата за гласање по точка 8 од дневниот ред е Прилог на оваа нотарска исправа;-----------------------

---

Со оглед на тоа што по гласањето за осмата точка некои акционери го напуштија собранието, верификационата комисија направи нова листа на присутни акционери, од која се констатира дека во моментот се присутни акционери кои поседуваат 103632 акции, односно претставуваат 50,37 %, која листа е потпишана од претседавачот и е прилог на оваа нотарска исправа;----------------------------------

---

**Потоа се пристапи кон деветтата точка од работниот дел од дневниот ред- Донесување Одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на Директори; ----------------------------------------------**
Претседавачот појасни дека Члeновите на Одбор на директори- Јана Стојкова Каневче, Татјана Лазаревски, Корина Киријас Цалева, Горан Јанчиќ и Татјана Вељковиќ поради истекот на мандатот за кој се избрани треба да се отповикаат од функцијата, а мандатот им трае до изборот на нов Одбор на

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Директори. Од страна на група акционери се Доставени предлози за избор на членови на Одборот на директори и тоа: –Јана Стојкова Каневче, Татјана Лазаревски, Горан Јанчиќ, Корина Киријас Џалева и Татјана Вељковиќ како независен член.Друг предлог нема.-------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот ја повика комисијата да го спроведе тајното гласање.------------------------------------

**По завршувањето на тајното гласање, комисијата ги преброи гласовите и на претседавачот му ги предаде резултатите од тајното гласање, по што претседавачот констатираше дека акционерите гласале едногласно со 103632 гласа ЗА (100%) за секој од предложените кандидати и донеле одлука за избор и назначување на членови на Одбор на директори:**--------------------------------------------------------------------------------

**Јана Стојкова Каневче;**---------------------------------------------------------------------------

**Татјана Лазаревски;**------------------------------------------------------------------------------

**Горан Јанчиќ;**-------------------------------------------------------------------------------------

**Корина Киријас Џалева;**---------------------------------------------------------------------------

**Татјана Вељковиќ; (независен член)**-----------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Резултатите од тајното гласање по точка 9 од дневниот ред за избор на членови на одбор на директори е Прилог на оваа нотарска исправа;-------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека со тоа се исцрпи дневниот ред.-------------------------------------------

Седницата на редовното годишно Собрание на акционери заврши со работа во 11,50 часот.------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 92 од Законот за Нотаријатот, потврдувам дека овој Записник го водев лично, своерачно и дека во него запишав се што се случуваше на седницата на собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје одржана на 27.06.2022 година и дека истиот одговара на фактичката состојба, што и претседавачот го потврди со свој потпис.---------------------------------------

Претседавачот изјавува дека е изречно согласен и го овластува нотарот без негово присуство да изврши исправки на технички и јазични грешки во оваа нотарска исправа, со посебна писмена исправка во согласност со член 42 став 2 од Законот за нотаријатот, која ќе биде составен дел на оваа нотарска исправа и истата ќе му биде доставена.-------------------------------------------------------------------

**Претседавач на Собрание на акционери**

**Чедомир Стојковски с.р.**________________________________________________________

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За потребите на барателот се издадени се три (3) изводи од овој Записник составени на седум (7) страни на седум (7) листа, а изворникот со сите прилози останува во мојата архива.----------------------

Нотарска такса по тарифен број 28 од ЗСТ и член 158 став 3 во износ од 500,00 денари е наплатена.-

Нотарската награда е пресметана по член 41 од Нотарската тарифа во износ од 10.000,00 денари и трошоци во износ од 600,00 денари согласно член 52 од Нотарската тарифа.--------------------------------

ОДУ број 180/2022

Скопје 27.06.2022 година (дваесет и седми јуни две илјади дваесет и втора година)

**НОТАР Стела Лазаревска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НОТАР СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА СКОПЈЕ

Јас НОТАР, СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА

бул. И. Г. Питу бр. 14 ... Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е орг6 извод - потполн - во изводок, кои кето се со приложени - се приложени преписи од прилогот нотарската книга.

Број: ОДУ 180/2022

Во Скопје, 27.06.2022 година НОТАР

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА
СКОПЈЕ